Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-205/3
26.05 2021 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за отфрлање на преставка како неуредна

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е поднесена преставка од [redacted] со архивски број 0801-205/1 добиена на 01.07.2019 година поднесена против [redacted] Скопје по основ на припадност на маргинализирана група и етничка припадност во областа образование, наука и спорт.

Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон.

Комисијата ценејќи ги наводите во преставката одлучи да не поведува постапка по поднесената преставка затоа што не се исполнети условите од член 26 од Законот а спречување и заштита од дискриминација. Во преставката лицето треба да поднесе докази и факти од кои може да се утврди актот или дејствието на дискриминација, во конкретниот случај кон самата преставка нема прилог на докази и факти со кои може да се утврди било каква дискриминација по основ на припадност на маргинализирана група или етничка припадност како што наведува подносителот.

Замајќи ги во предвид горенаведеното, **Комисијата одлучи да ја отфрли оваа преставка како неуредна.**

Скопје
26.05.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје